ЕДИНСТВО
# “ЕДИНСТВО“
УЛ. ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ БР. 62
ТЕЛ. 034/321-402, ФАКС 034/344-712
e-mail: edinstvosr@yahoo.com
web: www.edinstvosr.com
А.Д. КОНФЕКЦИЈА
И ТРИКОТАЖА
СТРУМИЦА

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

кон резултатите на друштвото за периодот од 01.01.2022 - 31.12.2022

1. Во извештајниот период, друштвото АД „Единство“ - Струмица нема промени во сметководствените политики. Тие се применуваат козистентно  во текот целата година за кој се однесува извештајот, исто како и во претходниот период.

2. Во периодот од 01.01.-31.12.2021 и 01.01.-31.12.2022 година, друштвото ги оствари следните приходи:

| Вид на приход | 2021 | 2022 | индекс |
|---|---|---|---|
| Приходи од домашен пазар | 1,727 | 7,697 | 446 |
| Приходи од странски пазар | 31,628 | 38,435 | 122 |
| Останати приходи | 13,361 | 2,041 | 15 |
| Финансиски приходи | 4 | 4 | 83 |
| Вкупно приходи | 46,720 | 48,176 | 103 |

Според горенаведената табела, приходите од домашен пазар на друштвото се намалени, приходите од странски пазар се зголемени за 22%, кај останатите приходи постои намалување, главно поради применатa финансиска помош претходната година, а кај финансиските приходи процентот изнесува

| Учество на приходите во проценти | Износ | Процент |
|---|---|---|
| Приходи од домашен пазар | 7,697 | 16 |
| Приходи од странски пазар | 38,435 | 80 |
| Останати приходи | 2,041 | 4 |
| Финансиски приходи | 4 | 0 |
| Вкупно приходи | 48,176 | 100 |

Во тековната 2022 година, приходите од домашен пазар учествуваат со 16% од вкупниот процент на приходи, 80% припаѓаат на приходите од странски пазар, 4% на останати приходи и малку над 0% на финансиските приходи.

Во најголем дел, приходите претпријатието ги оствари од производство на текстилна облека за странскиот пазар. Меѓу најголемите купувачи се Тарнер Вир и Кашкет од Обединетото Кралство.

3. Во периодот од од 01.01.-31.12.2021 и 01.01.-31.12.2022 година, друштвото ги оствари следните расходи:

| Вид на расход | 2021 | 2022 | индекс |
|---|---|---|---|
| Суровини, материјали, резервни делови | 3,737 | 5,821 | 156 |
| Услуги | 10,404 | 8,992 | 86 |
| Плати | 25,165 | 23,475 | 93 |
| Амортизација | 2,349 | 2,338 | 0 |
| Останати трошоци | 3,624 | 3,257 | 90 |
| Финансиски трошоци | 2,662 | 3,255 | 122 |

Според горенаведената табела, трошоците за суровини, материјали и резервни делови се зголемиле за 56%, услужните трошоци се намалиле за 14%, трошоци за плати се намалиле 7%, останати трошоци се намалиле за 10% и финансиски трошоцисе зголемиеле за22%.

Финансискиот резултат за тековната година е позитивен и истиот изнесува 8.982 денари

4. Во тековниот период, како и во претходниот, компанијата нема исплатено дивиденди.

5. Во тековниот период, како и во претходниот, компанијата има продадено материјални средства во износ од 81.909 според сегашната состојба на средството.

6. Во тековната година, вкупните кредитни задолжувања изнесуваат 30.000 денари, додека овој износ минатата година бил 54.521.453 Компанијата своите кредитни задолжувања ги има од Халк Банка АД Скопје.

7. Во текот на 2022 година, компанијата работеше во согласност со утврдените стратешки и годишни цели на претпријатието, како и со претходно утврдената деловна политика. Како постојана задача на менаџментот на друштвото беше ангажирањето на друштвото кон зголемување на квалитетот на извршените работи и ефикасното, рационално и економично работење. Важен сегмент во деловната политика на друштвото во изминатиот период беше задржување на бизнисот со постојаните деловни партнери од странство и задоволување на нивните барања. Како идни проекти кои компанијата ги има зацртано се обнова на машинскиот погон и компјутеризација на истиот, создавање на сопствена модна програма со која компанијата ќе учествува на домашниот пазар во поголема мера.

Директор

Кузманов Сашко